# УПАТСТВО

# КРИВИЧНА СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ

При изготвување на студијата на случај врз основа на која кандидатите на почетна обука ќе треба да изготват писмена одлука во кривичен случај, од особено значење е во истата да бидат содржани сите податоци кои се потребни за да се изготви одлуката.

Неопходно е истите да бидат дадени на таков начин што ќе може да се оцени и анализира способноста на кандидатот истите да ги воочи, да направи дистинкција помеѓу битни и небитни наводи, докази и факти, и врз таа основа да се оцени неговата способност и вештина правилно и целосно да ја утврди фактичката состојба, да изврши анализа на доказите и да ги утврди решителните факти и да го примени материјалното право, како по однос на главната работа, така и по однос на споредните барања, како што се  имотно-правното барање, конфискацијата на имот и имот и имотна корист и одземањето на предмети, како и трошоците на постапката.

Предмет на оцена е содржината на писмено изработената одлука во целина, и сите нејзини составни делови согласно чл.408 од ЗКП: увод, изрека, образложение, како правната поука и дополнителните елементи согласно Судскиот деловник како што се: налогот за такса и доставната наредба.

Воедно предмет на оцена ќе биде употребата на законската терминологија при изготвување на одлуката, начин на изразување, наведување на процесното својство на странките во изреката и образложението како и техничките аспекти на изготвената одлука по однос на користениот „ФОНТ“ големина на букви итн. пропишани во чл.127 и 128 од Судскиот Деловник.

Исто така, од особена важност е податоците кои ќе бидат дадени во студијата на случај да не бидат идентични со вистинските податоци од предметот од кој ќе биде превземена или модифицирана и прилагодена студијата на случај. Потребно е податоците да бидат дадени на таков начин што ќе се обезбеди анонимност и ќе се оневозможи да се идентификува предметот од кој е превземена студијата. При изготвување на студијата и нејзиниот обем важно е да се внимава и на времето кое кандидатите го имаат заради изготвување на одлуката.

Податоците кои се неопходни да бидат содржани во студијата на случај се следните:

- број на предметот под кој е заведен во уписникот согласно Судскиот деловник;
- назив на судот пред кој се води постапката;
- име и презиме на претседателот и на членовите на советот, односно судијата поединец;
- име и презиме на записничарот/судскиот работник;

- податоци за странките: јавен обвинител или приватен тужител, обвинет-и, бранител-и, оштетен и полномошник доколку го има, сведоци и вештаци;
- број и датум на обвинението или датум на приватната тужба;
- датум на прием на обвинението или приватната тужба во судот;
- називот на кривичното дело;
- денот на одржаната главна расправа и записникот од истата;
- назначување на странките, на нивните застапници, бранители и полномошници кои присуствувале на одржаната главната расправа;
- лични податоци на обвинетиот или обвинетите со наведување дали истите се бранат од слобода или се наоѓаат во притвор;
- опис на дејствијата кои му се ставаат на товар на обвинетиот или обвинетите;
- Изјаснувањата на странките во текот на расправата (во воведен говор, во текот на доказната постапка и завршен збор)
- доказите кои се предложени од секоја од странките, дозволени и изведени во текот на главната расправа ( на пр: запинсик за увид со број и датум, потврда за привремено одземени предмети, записник за претрес на дом, вештачења, искази на оштетени, сведоци и вештаци, и сл.) ;
- Другите предлози и приговорите на странките и одлуките на судот по истите;
- денот кога е донесена и објавена одлуката;
- трошковници од странките ;
- изготвувачот на студијата на случај, потребно е да подготви и пет прашања кои произлегуваат од материјалното право и се поврзани со конкретната студија на случај.